**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 24.7.2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24.07.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Асаф Адеми, министер за култура, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Асим Муса, заменик на министерот за здравство како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и нотарката Соња Габровска.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Садула Дураки, министер за животна средина и

просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и д-р Венко Филипче, министер за здравство.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 78-мата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.7.2018 година

-Усвојување на Записникот од 79-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.7.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ
    - Информација за статус на ИПА Акциската програма за 2019
    - Информација за ревидирање на Единствена листа на проекти, составена од секторските листи со најава за претстојните повици за техничка помош и инфраструктурни грантови преку инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан
    - Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и Норвешкото Министерство за надворешни работи за билатерална проектна соработка, со усогласен текст на Меморандум
    - Информација за отворени прашања кои произлегуваат од спроведувањето на ризичните ИПА проекти

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со

Акционерското друштво Градски трговски Центар-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со дополнувања и Предлог-одлука

2. Иницијатива за одржување на Собрание на акционери со цел постапување согласно член 237 став 1 и 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18), со Предлог-одлука

3. Ревидиран Годишен извештај за работењето на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, во 2017 година, ревидирана Годишна сметка на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за 2017 година, ревидиран Финансиски извештај на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за 2017 година и Извештај на независниот ревизор на финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година, на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, со Предлог–одлуки

4. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на ЈП МЖ Инфраструктура Скопје за 2017 година, со Извештај од независен ревизор и Предлог-одлуки

5. Информација за процесот на експропријација на земјиштето кое е потребно за реализација на проектите за реконструкција и изградба на железничката пруга од источната делница на Коридор 8 (делница Куманово - Бељаковце, делница Бељаковце - Крива Паланка и делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија)

6. Предлог-одлука за утврдување на вишокот на средства од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц.о Скопје и уплата во Буџетот на Република Македонија и Предлог-одлука за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-берза“

7. Информација за Годишен Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, Завршна годишна сметка за 2017 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлуки

8. Информација за потпишување на Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија од областа на безбедност на храната и ветеринарството и Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Србија од областа на безбедност на храната

9. Информација за актуелната состојба на Бирото за регионален развој, проблемите со кои се соочува и потребата од зголемување и унапредување на капацитетите на Бирото за регионален развој, со цел функционирање на Бирото

10. Барање за добивање на согласност во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот за обезбедување следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

11. Информација за постапување на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Точка 1 од 71-та седница на Владата, одржана на 5.6.2018 година, бр. 44-5639/1 за предлог Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Баумер“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Баумер“ ДООЕЛ Скопје

12. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината, со Предлог– договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Трговското друштво за производство трговија и услуги „Речи ентерприсес“ ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште и Предлог–одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Трговското друштво за производство трговија и услуги „Речи ентерприсес“ ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште

13. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината бр.44-5640/1 од 5.6.2018 година, со Предлог–одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија, и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште бр.44-5640/2 од 5.6.2018 година

**б) Економски систем и тековна економска политика**

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, по скратена постапка

15. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

16. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

17. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-Домување во станбени куќи КО Морани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

18. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за

изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Враништа-вон гр.р, Општина Струга, со Предлог-одлука

19. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија(стопански објект за производство на земјоделски производи) КО Градошорци-вон г.р., Општина Василево, со Предлог-одлука

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

21. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чешиново за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

22. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Лешница и КО Здуње, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

23. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Шупли Камен 2“ Општина Куманово, со Предлог–одлуки

24. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Суво Грло“ Општина Штип, со Предлог - одлуки

25. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Скрка“ Општина Росоман, со Предлог-одлуки

26. Информација во врска со можните решенија за транспонирање на Регулативата 347/2013 за транс-европска енергетска мрежа

27. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Чемплеска со реф.бр. 309, на Концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ с. Батинци, Студеничани, со Предлог за едностран раскин на Договорот

28. Информација во врска со барањето на согласност за промена на сопственичка структура во Концесионерот Друштво за производство на електрична енергија „Водават 6” ДОО Охрид

29. Информација за Предлог-анекс кон Договорот за доделување на државна помош на „Кранфилд Фаундри“ ДООЕЛ Скопје

**в) Политички систем**

30. Информација за вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија – Четврт круг на евалуација тема: „Превенција на корупцијата кај членовите на собранието, судиите и јавните обвинители“

31. Информација за Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија (2018-2020)

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

33. Информација за реализирање активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување на истите

34. Информација за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на коефициентите за додаток на плата за работа ноќе и дежурства на вработените во Јавната установа од обласга на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје, со текст на Анекс

35. Информација со Акциски план за проектот „Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност”

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

36. Предлог–одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино

**б) Политички систем**

37. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JACKAL CAVE“, во Република Унгарија

38. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION“, во Сојузна Република Германија

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (44-6268/1)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (44-6272/1)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (44-6269/1)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (44-6271/1)

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

44. Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (I Фаза)

45. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

46. Иницијатива поднесена од адвокатката Александра Илиева-Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.66/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016)

47. Иницијатива поднесена од адвокатката Александра Илиева-Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.65/2018 за

поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 6 и 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015)

48. Иницијатива поднесена од адвокатката Анета Индовска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.73/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101 од Законот за работните односи

49. Иницијатива поднесена од Здружение на основачи на авто школи и инструктори „НАЦИОНАЛЕН ЕВРОПСКИ ВОЗАЧ“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.59/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 ставовите 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018)

50. Иницијатива поднесена од адвокат Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.69/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 ставови 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/2010)

51. Иницијатива поднесена од адвокат Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.70/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 164 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 51/2011, 100/2012 и 142/2016)

52. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.57/2017 донесено на седницата одржана на 11 јуни 2018 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014 и 53/2016)

53. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3948

**д) Други предлози**

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

56. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за периодот од 1.1.2018 до 30.6.2018 година

57. Полугодишен финансиски извештај на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (сметано од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година)

58. Извештај за финансиското работење за период од 1.01.2018 до 31.3.2018 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Македонија

59. Информација за реализација на вон наставните активности во училиштата поврзани со антикорупциска едукација на учениците

60. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија за 2017 година

61. Информација за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија (2015-2019) во 2017 година

62. Прв годишен извештај за имплементацијата „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика - ЕСРП 2020“ за 2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување

64. Предлог-одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

65. Информација за Програмата на економски реформи 2019-2021 година со Акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог во мај 2018 година

66. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.08/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање

67. Информација за потребата на финансиски средства за зголемување на платите на стручните работници во областа на заштитата на културното наследство

68. Информација во врска со реализацијата на средствата предвидени во буџетот на Министерството за култура за 2018 година, за спомен обележје на Тодор Проески во Крушево

69. Информација со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје,

Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година

70. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2018/2019 година

71. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2018/2019 година

72. Информација за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура) согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година, со Предлог-одлука за формирање на Работна група за подготовка на НАП за култура

73. Информација за одбележување на денот на Геноцидот врз Ромите од Втората светска војна – 2 август

74. Информација во врска со активностите на Работната група задолжена за испитување на можноста за воведување на алтернативни горива во термоенергетските објекти (постројки) во Република Македонија со посебен акцент на РДФ горива (refuse-deliver fuel)

75. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 78-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.7.2018 година и Записникот од 79-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.7.2018 година

*

*          *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - **Информација за статус на ИПА Акциската програма за 2019**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на ИПА Акциската програма за 2019 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерство за економија да ги достават до Секретаријатот за европски прашања првите верзии на акциските документи, најдоцна до 27.8. 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за економија пред Секретаријатот за европски прашања и Владата на Република Македонија да презентира активности за надминување на констатираните слабости за спроведување на ИПА 2019 Програмата, најдоцна до крајот на септември 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да назначи нов ИПА координатор, најдоцна до 10.8.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Секретаријатот за европски прашања пред Европската комисија да покрене иницијатива за формирање на проектна единица за поддршка на земјоделски проекти во рамките на ИПАРД

  - **Информација за ревидирање на Единствена листа на проекти, составена од секторските листи со најава за претстојните повици за техничка помош и инфраструктурни грантови преку инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на Единствена листа на проекти, составена од секторските листи со најава за претстојните повици за техничка помош и инфраструктурни грантови преку инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, да ги ревидираат во согласност со Методологијата за креирање на единствена листа на проекти, Обрасците за идентификација на проекти (ОИП) и Обрасците за проценка на стратешката важност (ОПСВ) и официјално да ги доставаат до Секретаријатот за европски прашања, до крајот на јули 2018 година.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование

и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за информатичко општество и администрација до крајот на јули 2018 година официјално да ги достават до Секретаријатот за европски прашања консолидираните Единствени секторски листи на проекти.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, на состаноците на секторските работни групи во полн состав да ги презентираат Единствените секторски листи на проекти до крајот на јули 2018 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира состанок на Националниот инвестициски комитет (во национален состав) каде ќе се презентира комплетираната Единствена листа на проекти, најдоцна до крајот на август 2018 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави Единствената листа на проекти усвоена од Националниот инвестициски комитет до Владата на одобрување до 14 септември 2018 година.

6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања усвоената Единствената листа на проекти Владата да ја презентира пред Националниот инвестициски комитет (во полн состав) и во рок од пет дена од состанокот на Националниот инвестициски комитет да ја достави до Европска комисија.“

- **Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и норвешкото Министерство за надворешни работи за билатерална проектна соработка, со усогласен текст на Меморандум**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и норвешкото Министерство за надворешни работи за билатерална проектна соработка, со усогласен текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и норвешкото Министерство за надворешни работи за билатерална проектна соработка.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу норвешкото Министерство за надворешни работи и Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања за билатерална проектна соработка.

3. Се овластува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу норвешкото Министерство за надворешни работи и Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања за билатерална проектна соработка.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да одржува редовна координација и комуникација со норвешкото Министерство за надворешни работи и норвешката амбасада во Белград во поглед на билатералната проектна соработка во рамки на Меморандумот за разбирање помеѓу норвешкото Министерство за надворешни работи и Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања за билатерална проектна соработка.

- **Информација за отворени прашања кои произлегуваат од спроведувањето на ризичните ИПА проекти**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања кои произлегуваат од спроведувањето на ризичните ИПА проекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски на двомесечна основа да организира координативни состаноци на министерско ниво за спроведување на Проектот за Дреново-Градско, во присуство на Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски на двомесечна основа да организира координативни состаноци на министерско ниво во присуство на Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и другите надлежни институции во врска со следење на трите фази на Проектот за изградба на железничката делница Куманово-граница со Република Бугарија.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја усогласи финансиската конструкција за фазата 3 од изградбата на железничката делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија, најдоцна до средината на септември 2018 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да организира координативни состаноци на двомесечна основа на министерско ниво за следење на спроведување на Проектот за изградба на колекторскиот систем за отпадни води во Град Скопје.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги информира Секретаријатот за европски прашања и Владата на Република Македонија на квартална основа за преземените активности за основање на регионално комунално претпријатие за управување со цврст отпад за Северо-источен и Источен регион, најдоцна до 10 август 2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското

друштво Градски трговски Центар-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со дополнувања и Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Согласно укажувањето на Министерството за финансии:

- надлежните органи на управување на Друштвото да преземат мерки за намалување на трошоците, пред се непродуктивните, како и да преземаат активности за подобрување на приходната страна во насока на зголемување на приходите, а со цел подобрување на финансиските резултати од работењето;

- да се испита одговорноста на одговорното лице за нереализирање на одредбите од Договорот бр. 02-2760/1 од 23.8.2013 година, според кој што веќе е поминато времето за доставување на основниот ревидиран Проект;

- притоа, со оглед на тоа што средствата кои се исплатени за првите две фази од Договорот се во висина од околу 9.000.000 денари, да се разгледа можноста исплатените средства да се вратат од страна на Друштвото Архитектоника ДООЕЛ, како надоместок на штета;

- АД ГТЦ-Скопје да ја достави на разгледување целосната документација за јавна набавка на заштитна облека и обувки (целосната опрема за безбедност), до Основното јавно обвинителство, се со цел испитување на можни злоупотреби.

2. Се укажува на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, во рок од 15 дена да ја информира Владата за секој слободен простор во ГТЦ-Скопје кој може да биде даден на располагање/користење за потребите на државните институции.

## Точка 2

Владата ја разгледа Иницијативата за одржување на Собрание на акционери со цел постапување согласно член 237 став (1) и (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18), со Предлог-одлука и по Иницијативата ја донесе Одлуката за пренос на акции од сопственост на Влада на Република Македонија во сопственост на Министерството за транспорт и врски (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 3

Владата по ревидираниот Годишен извештај за работењето на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, во 2017 година, ревидираната Годишна сметка на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за 2017 година, ревидираниот Финансиски извештај на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за 2017 година и Извештајот на

независниот ревизор на финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година, на АД „Македонска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, со предлог – одлуки, ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за одобрување на ревидираниот Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост во 2017 година, во предложениот текст;

- Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст;

- Одлуката за одобрување на ревидираниот Финансиски извештај за 2017 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст и

- Одлуката за распределба на добивката од деловната 2017 година на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година, со Извештај од независен ревизор ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за процесот на експропријација на земјиштето кое е во приватна сопственост а истото е потребно за реализација на проектите за реконструкција и изградба на железничката пруга од источна делница на Коридор 8 (делница Куманово – Бељаковце, делница Бељаковце – Крива Паланка и делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рамки на своите обврски и надлежности, во соработка со Бирото за судски вештачења да ја изврши потребната процена на имотот на приватните лица кои се предмет на експропријација за делницата Куманово-Бељаковце (дополнителна експрорпијација), за делницата Бељаковце-Крива Паланка и делницата Крива Паланка-граница со Република Бугарија без надомест на финансиски средства, при што приоритет да се даде на делницата Куманово-Бељаковце.

2. Се задолжува Бирото за судски вештачења да изврши процена на штета од престанување на договор за закуп на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, за делницата Куманово-Бељаковце (дополнителна експропријација), без надомест на финансиски средства.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП „Македонски железници Инфраструктура“ – Скопје и Министерството за финансии, да изнајдат можност да ги обезбедат потребните финансиски средства за исплата на надоместок за експропријацијата на приватните имоти за делницата Куманово-Бељаковце, и тоа средства во износ од 40.000.000 денари.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финансии, при следното буџетирање, да ги обезбеди потребните финансиски средства за исплата на надоместок за експропријацијата на приватните имоти за делница Бељаковце - Крива Паланка и за делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија.

5. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да спроведе постапка за запишување на правата на недвижности на катастарските парцели кои се предмет на изложување за делницата Куманово-Бељаковце, во рок од 7 дена по доставување на податоците од страна на ЈП „Македонски железници Инфраструктура“ - Скопје.

6. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да спроведе постапка за запишување на правата на недвижности на катастарските парцели кои се предмет на изложување за делницата Бељаковце-Крива Паланка во рок од 7 дена по доставување на податоците од страна на ЈП „Македонски железници Инфраструктура“ - Скопје.

7. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да спроведе постапка за запишување на правата на недвижности на катастарските парцели кои се предмет на изложување за делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија, во рок од 7 дена по доставување на податоците од страна на ЈП Македонски железници Инфраструктура-Скопје.

8. По однос на Предлог–заклучокот 10 од Информацијата „Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена да ја завршат процедурата за добивање на одобрен Проект за инфраструктура за делницата Крива Паланка-граница со Република Бугарија“ се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 7 дена да ја информира Владата за постапката околу Проектот за инфраструктура за делницата Крива Паланка-граница со Република Бугарија од аспект на својата надлежност.

**Точка 6**

Владата по Одлуката за утврдување на вишокот на средства од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија Ц.О. Скопје и уплата во Буџетот на Република Македонија, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија Ц.О. Скопје и уплата во Буџетот на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-берза“, да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 7**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, Завршна годишна сметка за 2017 година и Ревизорски извештај, го усвои и ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија од областа на безбедност на храната и ветеринарството и Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Србија од областа на безбедност на храната, со усогласени текстови на Договорите, за наредната седница на Владата.

**Точка 9**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за актуелната состојба на Бирото за регионален развој, проблемите со кои се соочува и потребата од зголемување и унапредување на капацитетите на Бирото за регионален развој, со цел функционирање на Бирото, за наредната седница на Владата.

**Точка 10**

Владата по Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Точка 1 од 71-вата седница на Владата, одржана на 5.6.2018 година, бр.44-5639/1 за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Баумер“ ДООЕЛ Скопје и Предлог- одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Баумер ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на

Друштвото за производство, трговија и услуги Баумер ДООЕЛ Скопје – корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Трговското друштво за производство трговија и услуги „Речи ентерприсес" ДООЕЛ увоз-извоз Струга, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство" ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлог –законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа и Зоран Глигоров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбаниситичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-Домување во станбени куќи КО Морани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-Домување во станбени куќи КО Морани, Општина Студеничани, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси и Г4 - стоваришта КО Враништа-вон гр.р, Општина Струга, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Враништа-вон гр.р, Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (стопански објект за производство на земјоделски производи) КО Градошорци-вон г.р., Општина Василево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (стопански објект за производство на земјоделски производи) КО Градошорци-вон г.р., Општина Василево, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни консултации.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чешиново за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Чешиново, Општина Чешиново - Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чешиново за изградба на објекти со намена А - домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г - производство, дистрибуција и сервиси, Д - зеленило и рекреација, Е - инфраструктура КО Чешиново, Општина Чешиново - Облешево, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Лешница и КО Здуње, Општина Гостивар, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Лешница и КО Здуње, Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварцен песок на локалитетот „Шупли Камен 2“ Општина Куманово, со Предлог–одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Суво Грло“ општина Штип, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Скрка“ Општина Росоман, со Предлог–одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можните решенија за транспонирање на Регулативата 347/2013 за транс-европска енергетска инфраструктура, со дополнувањата кон неа и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, веднаш да формира работна група со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање која да подготви и во рок од две недели до Владата да достави елаборирано мислење со детална анализа во однос на тоа дали транспонирањето на Регулативата 347/2013 за транс-европска енергетска инфраструктура може да се изврши со изменување и дополнување на веќе постоечки закони или подзаконски акти или ќе биде потребно подготвување на нов Предлог-закон за инвестициски проекти од стратешки интерес на Република Македонија.

2. По доставување на мислење и анализите од работната група од Заклучокот бр. 1, оваа информација повторно да се разгледа на втората редовна седница на Владата, со цел Владата да заземе став по предлог-заклучоците под бр. 4 и 5 од Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Чемплеска“ со реф.бр.309 на Концесионерот „Хидроенергија“ ДООЕЛ с. Батинци, Студеничани, со предлог за еднostran раскин на договорот, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ реф.бр.309, бр. 11-796/1 од 30.1.2018 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со барањето на согласност за промена на сопственичка структура на Концесионерот Друштво за производство на електрична енергија „Водават 6“ ДОО Охрид, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот ДППТ „Далвина“ ДООЕЛ с.Хамзали Босилово на содружниците ТДПТУ „Белима Ркcc“ ДОО Охрид, ДУПТУ „Јас и брат ми 2010” ДООЕЛ с.Лескоец, Охрид, ДПТ „Асп-пак“ заштитно друштво ДООЕЛ Охрид, ДПТУ „Пе-вреќи“ ДОО Охрид и на Заштитно друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци „Отпад“ ДООЕЛ Охрид, во концесионерот ДПЕЕ „Водават 6“ ДОО Охрид (најновиот текст од 24.7.2018 година), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог Анекс кон Договорот за доделување на државна помош на „Кранфилд Фаундри“ ДООЕЛ Скопје, со Анекс договор (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на министерката без ресор, задолжена за привлекување на странски инвестиции, Зорица Апостолска веднаш да ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата за промена на постојна државна помош на „Кранфилд Фаундри“ ДООЕЛ Скопје, со поднесување на образец за поедноставено известување даден во Прилог 2, кој е составен дел од Уредба за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

2. Се задолжува Кабинетот на министерката без ресор, задолжена за привлекување на странски инвестиции, Зорица Апостолска, веднаш по добивањето на решението за оцена на промена на државна помош на „Кранфилд Фаундри“ ДООЕЛ Скопје од Комисијата за заштита на конкурекцијата, да ја информира Владата и да го достави Анексот на Договорот за државна помош.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија - Четврт круг на евалуација - на тема: „Превенција на корупцијата кај членовите на собранието, судиите и јавните обвинители, со текст на Извештај и ја усвои со следните заклучоци“:

1. Даде согласност за објавување на Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија – Четврт круг на евалуација;

2. Се задолжува Министерството за правда да го информира ГРЕКО за согласноста на Владата за објавување на Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија - Четврт круг и да го објави истиот на својата веб-страница во превод на македонски јазик, во рок од седум дена.

3. Се задолжува шефот на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО да подготви Акциски план за имплементација на преостанатите препораки од Четвртиот круг на евалуација и истиот да го достави до Министерството за правда во рок од 10 дена.
4. Се задолжува Министерството за правда, до 15 септември 2018 година, да формира Работна група за Четвртиот круг на евалуација на ГРЕКО со претставници од сите надлежни институции (Собрание на Република Македонија, Државна комисија за спречување на корупција, Министерство за правда, Судски совет на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија, Здружение на судии, Здружение на јавни обвинители) под раководство на шефот на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, заради натамошна реализација на преостанатите препораки од Четвртиот круг на евалуација односно имплементација на Акцискиот план споменат во заклучокот бр.3.

5. Се задолжува Министерството за правда, во рамките на активностите поврзани со Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, до 20 август 2018 година, да формира посебен тим на стручни лица, со претставници од надлежните институции (Влада на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и јавна администрација, Државна комисија за спречување на корупција, Министерство за финансии и Министерство за правда) под раководство на шефот на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, со цел за идентификување на актите кои е потребно да се обезбедат на евалуаторите на Република Македонија во рамките на

Петтиот круг на евалуација до одржувањето на посетата на Република Македонија од страна на експертскиот тим на ГРЕКО (1-5 октомври 2018 година).

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да формира Работна група предводена од Шефот на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО која ќе подготви Насоки за имплементација на одредбите од „Етичкиот кодекс на членовите на Владата на Република и носителите на јавни функции именувани од Владата на Република Македонија“ согласно барањата од Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО до 20 септември 2018 година.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација да подготват Насоки за имплементација на одредбите од етичките кодекси кои се во надлежност на овие институции (Кодекс на полициска етика, Кодекс за административни службеници) до 20 септември 2018 година.

8. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, за потребите на организацијата на посетата на Република Македонија од страна на експертскиот тим на ГРЕКО во рамките на Петтиот круг на евалуација (1 – 5 октомври 2018 година), да обезбеди превоз за членовите на експертскиот тим на ГРЕКО на релација аеродром – хотел и обратно, да обезбеди техничка опрема за настанот и да номинира лице за контакт во врска со овој настан и за тоа да го извести Министерството за правда, најдоцна до 15 август 2018 година.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија 2018 - 2020 година, со нов текст на Нацрт-национален план и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија за периодот 2018-2020 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира Владата на секои шест месеци за имплементацијата на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија за периодот 2018-2020 година.

## Точка 32

Владата го одложи од разгледување Предлог,-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави дополнување на материјалот, во насока на очекуван финансиски ефект кој би настанал како последица на предложеното изменување и дополнување на Законот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување на истите и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, преку ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје“ да продолжи со активностите за згрижените лица затекнати под Кале, согласно мапирањето на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје“, во објекти што ги користи ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари), со решение на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје“, врз основа на претходна согласност на лицето, најдоцна до крајот на септември 2018 година.

2. Се препорачува на Општина Шуто Оризари, активно да се вклучи во активностите за утврдување на фактичката имотна состојба на сместените лица и изнаоѓање на соодветни решенија во однос на лицата кои се наоѓаат во социјален ризик во делот на домувањето и за истото да достави известување до Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 30 август 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување на истите, во октомври 2018 година.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на коефициентите за додаток на плата за работа ноќе и дежурства на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје, со нов текст на Анекс и го усвои со следниов заклучок:

- се овластува в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје да го потпише новиот текст на Анексот за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата, заради зголемување на коефициентите за додаток на плата за работа ноќе и за дежурства на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства Јавната установа да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за проектот „Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност“ (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за проектот „Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност“.

2. Се задолжуваат Министерството за здравство – Управа за електронско здравство и Министерството за труд и социјална политика, а им се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Јавната здравствена установа - Универзитетска клиника за детски болести, како субјекти одговорни за спроведување на активностите од Акцискиот план да го известуваат Министерството за здравство, согласно поединечно определените рокови од временска рамка за исполнување на активностите и во континуитет на полугодишно и годишно ниво, доколку за исполнување на активноста е предвидено континуирано извршување.

3. Се задолжува Министерството за здравство да доставува до Владата информација за прогрес на Проектот на секои шест месеци, се до конечна реализација на Проектот.

Истовремено, Владата заклучи предвидените активности од Проектот да се имплементираат во рамки на постојните превентивни програми и утврдените буџети на надлежните институции за соодветната фискална година, а активностите на членовите на работната група и работни подгрупи да се извршуваат во рамки на нивните редовни работни обврски.

## Точка 36

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JACKAL CAVE“, во Република Унгарија, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (п.м.в. Фолксваген пасат), во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (п.м.в. Мерцедес), во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (Фолксваген Голф), во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (I фаза) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.
Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

По текстот на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од формално – правен аспект се укажува на следното:

1. Како законски основ за донесување на Статутот ќе треба да се наведе само член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование*, кој претставува изречен законски основ за негово донесување.

2. Одредбите од член 4 став 1, член 5 точка 3 и член 30 став 2 точка 14 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 5 став (1) од Законот за високото образование*, согласно кој

академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.

3. Одредбите од член 5 точки 1 и 4 од Статутот ќе треба да се усогласат со членовите 8 и 10 од Законот за високото образование*.

4. Заради усогласување со член 7 став (5) од Законот за високото образование*, во кој е уредено што вклучува автономијата на високообразовните установи, содржината на членовите 8 и 9 од Статутот, со кои е уредена неповредливоста на универзитетскиот простор и неприкосновеност на автономијата, ќе треба соодветно да се вгради и во членот 5 од Статутот.
Исто така, насловот пред член 9 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 7 став (5) и член 13 од Законот за високото образование*.
Освен тоа, одредбите од член 9 точка 3 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 13 ставови (2) и (3) од Законот за високото образование*, според кој на високообразовните установи се забранува партиско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски обележја, односно се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

5. Одредбите од член 12 став 1 од Статутот, ќе треба да се усогласат со одредбите од член 12 од Законот за високото образование*, во однос на тоа кој дава согласност за влегување во просториите на Универзитетот од страна на полицијата и други државни органи на безбедност.

6. Во член 14 од Статутот, се укажува да се преоцени потребата посебно да се уредат забраната на политичко организирање и забраната за верско организирање, заради конкретно уредување на истакнувањето на верските обележја на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

7. Член 15 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 14 став (1) од Законот за високото образование*, во смисла да се доуреди помеѓу кои субјекти се споровите и да се дополни со нов став 3 во смисла да се наведе дека доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат (член 14 став (3) од Законот за високото образование*).

8. Одредбата од член 19 став 4 од Статутот ќе треба да се усогласи со Уставот на Република Македонија и Законот за високото образование*, во однос на принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.
9. Во член 22 став 3 од Статутот ќе треба да се доуреди кој ќе ја цени можноста квотите, стипендиите и посебната поддршка да се третираат како афирмативни мерки.

10. Одредбите од членовите 27 и 29 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).
Освен тоа, во член 29 од Статутот ќе треба да се наведе кој ќе го донесе посебниот акт со кој се утврдува деловната, односно државната тајна, како и согласно кој закон.

11. Точката 2 на член 31 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 21 точка 2 од Законот за високото образование*.

Во точката 16 зборовите „статутот на единицата“ ќе треба да изостанат, ова заради усогласување со член 21 став (1) точка 11 од Законот за високото образование*.

12. Главата „Студенти“ од Статутот ќе треба да се дополни со одредби за посебни погодности на категориите на студенти од член 27 став (4) од Законот за високото образование*, согласно кој истите се предмет на уредување на Статутот.

13. Во член 33 од Статутот ќе треба да изостане зборот „статус“, со оглед дека статусот на студент е утврден во член 32 од Статутот.

14. Одредбите од член 34 од Статутот би требало да изостанат со оглед дека прашањата кои се предмет на уредување во истиот се предмет на уредување на општ акт на универзитетот, односно општ акт на единицата на универзитетот, а ова согласно член 28 од Законот за високото образование*.

15. Одредбите од член 35 став 1 точки 2 и 5 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од член 29 став (2) алинеи 2 и 5 од Законот за високото образование*.
Освен тоа, одредбите од ставот 2 на истиот член ќе треба да се усогласат со член 29 став (2) од Законот за високото образование*.

16. Одредбата од член 37 став 1 од Статутот ќе треба да се доуреди со оглед дека истата е нејасна.

17. Во член 41 од Статутот ќе треба да се доуреди кој може да поднесе барање за поведување на дисциплинска постапка.

18. Членовите 53, 54, 55 и 56 од Статутот ќе треба да се преоцени да изостанат како прашања кои се предмет на акт на Универзитетот, ова согласно член 32 став (5) од Законот за високото образование*, а членот 57 од Статутот ќе треба да изостане како прашање кое е предмет на уредување на Законот за високото образование*.

19. Членот 70 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 34 и член 37 став (8) од Законот за високото образование*.

20. Заради усогласување со член 15 ставови (8), (9), (10), (11), (12) и (13) од Законот за високото образование*, во член 72 ставови 3, 4 и 5 од Статутот ќе треба да се прецизира во кој случај единиците на универзитетот настапуваат во правниот промет во наведената смисла, односно кога имаат својство на правно лице и кога немаат својство на правно лице.

21. Со оглед дека согласно член 83 став 2 и член 84 став 2 од Статутот, ликовно – графичкиот приказ на грбот, односно на знамето на Универзитетот се составен дел на овој статут, укажуваме дека истите ќе треба да бидат дадени во прилог на Статутот.

22. Со оглед дека во член 60 став (1) од Законот за високото образование* е утврдено кој може да основа приватно - јавна непрофитна високообразовна установа, укажуваме дека истиот не препознава јавно – приватна непрофитна високообразовна установа, поради што ставот 2 на член 102 од Статутот ќе треба да изостане. Ова и ако се имаат предвид одредбите кои високообразовни установи можат да бидат во состав на универзитетот.

23. Во член 85 став (6) од Законот за високото образование* е утврдено дека заради вршење на својата дејност универзитетот може да склучува договори со универзитетски клиники и други установи кога е тоа потребно за вршење на високообразовната дејност или со други установи и трговски друштва чија дејност е од значење за вршење на дејноста на универзитетот и за вршење на врвна применувачка дејност, а согласно член 94 точка 5 од истиот закон, Сенатот на универзитетот одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва.
Имајќи ги предвид посочените законски одредби, се укажува дека членовите 107 и 108 од Статутот ќе треба да се усогласат со истите.

24. Во член 116 став 1 и член 118 став 3 од Статутот, зборовите „библиотечна граѓа“ ќе треба да се заменат со зборовите „библиотечен материјал“, ова заради усогласување со Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16).

25. Член 125 од Статутот ќе треба да се дополни во смисла за кои работи се основа Центарот за кариера заради усогласување со член 86 од Законот за високото образование*.

26. Во член 150 од Статутот, ставот 2 ќе треба соодветно да се вгради во воведната реченица на ставот 1, а во ставот 3 зборовите „доколку поинаку не е уредено со овој член“ ќе треба да изостанат, ова заради усогласување со член 93 став (2) од Законот за високото образование*, според кој член на сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на универзитетот во моментот на изборот.
Во ставот 3 ќе треба да изостанат зборовите „доколку поинаку не е уредено со овој член“, ова заради усогласување со член 93 став (2) од Законот за високото образование*.
Ставот 8 ќе треба да се усогласи со член 93 став (7) од Законот за високото образование*, во смисла дека ректорот и проректорите се без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

27. Одредбите од ставот 1 на член 151 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 93 став (4) од Законот за високото образование*, согласно кој членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

28. Одредбите од ставот 1 на член 153 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 93 став (3) од Законот за високото образование*, согласно кој за член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.

29. Во член 174 од Статутот ќе треба да се доуреди за што се формира универзитетската изборна комисија, како и да се преоцени потребата да се вгради одредба која би се однесувала на набљудувачите на работата на универзитетската изборна комисија, заради усогласување со член 97 став (7) од Законот за високото образование*.

30. Членот 192 од Статутот ќе треба да се доуреди согласно член 100 став (2) од Законот за високото образование*.

31. Со оглед дека ставот 2 на член 200 од Статутот упатува на случаите од ставот 1 на истиот член, укажуваме дека во ставот 1 ќе треба да се уредат случаите кога ректорот

може, за непочитување на законот, општ акт или одлука на Универзитетот, да суспендира декан или директор на единица на Универзитетот.

32. Одредбите од ставот 3 на член 201 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 97 став (15) од Законот за високото образование*, во однос на тоа кој може да биде проректор.

33. Согласно член 102 став (1) од Законот за високото образование*, ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставници на студентите, а согласно ставот (3) на овој член, организацијата и начинот на работата на ректорската управа, како и бројот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на универзитетот.
Имајќи ги предвид посочените законски одредби, се укажува дека одредбите од член 207 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со истите во однос на тоа кој ја сочинува ректорската управа.

34. Во член 208 точка 19 од Статутот ќе треба да изостанат зборовите „и актите на Универзитетот или за кои ќе биде овластена од ректорот“, ова заради усогласување со член 103 точка 8 од Законот за високото образование*.

35. Членот 227 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 104 ставови (3), (4) и (5) од Законот за високото образование*, по однос на времетраењето на мандатот на членовите на универзитетскиот совет и по однос на тоа од редот на кои членови се избира неговиот претседател, како и да се доуреди кој може да биде член на универзитетскиот совет.

36. Членот 228 став 1 точки 2 и 5 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 105 став (1) од Законот за високото образование*.

37. Одредбите од член 230 став 2 од Статутот, ќе треба да се усогласат со член 109 став (3) од Законот за високото образование*, во однос на тоа кој го сочинува наставно-научниот совет, а ставот 4 на истиот член од Статутот ќе треба да се усогласи со член 109 став (6) Законот за високото образование*, во смисла на тоа со статутот да се утврди бројот на претставниците на студентите во наставно-научниот совет.

38. Во член 239 став 2 од Статутот ќе треба да се определи рок за донесување на одлуката за започнување на постапката за избор на декан, ова заради усогласување со член 115 став (4) од Законот за високото образование*.

39. Одредбите од член 243 став 2 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 116 став (2) од Законот за високото образование*, во однос на времетраењето на мандатот на деканот кое треба да биде определено со предметниот статут.

40. Во член 250 став 1 од Статутот ќе треба да се доуреди за кои работи се формира одборот за соработка и доверба со јавноста, ова заради усогласување со член 122 од Законот за високото образование*.

41. Одредбите од член 271 став 2 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 134 став (5) од Законот за високото образование*.

42. Во член 284 став 9 од Статутот ќе треба да се прецизира за што се однесуваат поблиските одредби кои ќе се уредуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците на универзитетот.

43. Во член 286 став 1 од Статутот ќе треба да изостанат зборовите „согласно со закон", ова заради усогласување со член 142 став (1) од Законот за високото образование*.
Освен тоа, во ставот 3 ќе треба да се доуреди на која програма се мисли и кој ја донесува истата.
Исто така ставот 5 ќе треба да се усогласи со член 142 став (3) од Законот за високото образование*, како и да се дополни со одредби во кој случај и под кои услови лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити може да ги продолжи студиите.

44. Одредбите од член 289 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 148 став (1) од Законот за високото образование*.

45. Заради усогласување со член 149 став (5) од Законот за високото образование*, во член 290 од Статутот, наместо со закон, начинот на објавување на конкурсот за запишување на студентите ќе треба да биде уреден со предметниот статут.

46. Одредбите од член 295 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 152 став (2) од Законот за високото образование*, согласно кој, почетокот и времетраењето на наставата по семестри се определува со статутот на универзитетот, поради што ќе треба да изостанат зборовите „доколку со закон поинаку не е утврдено".

47. Во член 304 од Статутот ќе треба да се доуреди во смисла кој ги донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии.

48. Одредбите од член 323 став 3 од Статутот ќе треба да се дополнат во смисла дека и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик се врши избор во наставно-стручни звања: лектор и виш лектор, а не само на факултетот во областа на филолошките науки, ова согласно член 161 став (6) од Законот за високото образование*.

49. Во член 329 од Статутот ќе треба да се прецизира на што се однесува натамошната постапка за која се упатува на примената на одредбите од Законот за високото образование*.

50. Во член 345 став 3 од Статутот ќе треба да се утврдат условите за користење на правата на платено, односно неплатено отсуство, кои прашања согласно член 186 став (3) од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот статут.

51. Одредбите од член 346 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 187 став (2) од Законот за високото образование*.

52. Член 361 од Статутот ќе треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.

53. Член 364 став 2 и член 365 од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во член 221 од Законот за високото образование*.

54. Во Статутот ќе треба да се вгради завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Собранието на Република Македонија.
Освен тоа, се укажува дека истиот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

55. Во одделни членови од Статутот (како на пример: членови 65 став 1, 72 став 5, 73 став 2, 132 став 2, 221 став 1, 244 и др.), ќе треба да се изврши точно повикување на одредбите од истиот.

56. Во член 155 од Статутот потребно е да се прецизира рокот за свикување на конститутивната седница со цел да се избегне правна несигурност и да се постигне предвидливост за одржување на конститутивната седница.

57. Членовите 160 став (3), (4) и (5) се во спротивност со член 96 од Законот. Во суштина, претседателот на Сенатот и Сенатот според предложеното решение се врзани за предлозите на Ректорската управа и ректорот. Практично, се создава ситуација во која спротивно на Законот, ректорската управа и ректорот се поставуваат во надредена позиција во однос на Сенатот кој како орган на управување го има империумот за утврдување на дневниот ред по кој ќе работи. Според предложеното решение од Статутот, предлозите треба да добијат потврда од Ректорската управа и од ректорот, а по истите тие предлози ректорската управа и ректорот немаат право да одлучуваат на седница на Сенатот. Последица од наведениот член е преземање на надлежностите од Сенатот во корист на Ректорската управа што е спротивно на членот 96 од Законот за високото образование* и интенциите на Законот.

58. Во член 164 став 2 треба да се додаде „општи акти”. Една од основните надлежности на Сенатот согласно членот 94 од Законот е носење на општи акти. Изготвувачот на текстот на Статутот сторил очигледен пропуст при набројување на актите кои ги носи Сенатот, со пропуштање на општите акти како изворно законско овластување. Со предложениот амандман се врши усогласување со членот 94 од Законот.

59. Во член 166 од Статутот да се преземе во целост член 95 од Законот за високото образование, односно во Статутот во моментот е додаден член 95, став (1), потребно е да се додаде и став (2) од истиот член.

60. Членот 171 и 174 треба да се коригираат во насока почетокот на постапката на Ректор, односно избор на комисија, наместо со фиксен календарски период да се поврзе со шест месеци пред престанок на мандат. Ова од причини што, иако претпоставката е дека мандатот на ректорот почнува со почетокот на учебната година, поради различни околности овие циклуси може да се поместат.

61. Членот 180 од Статутот треба целосно да се усогласи со членот 97 став 5, 9, 10, 11 и 12 од Законот.

62. Во членот 188 од Статутот да се додаде дека членот на Сенатот кој би бил вд ректор потребно е да биде во звање редовен професор. Ова од причина што услов за избор за ректор е звање редовен професор, па оттука потребно е и вд ректорот да биде со исто звање како минимален услов.

63. Во членот 191 треба да се прецизира мнозинството од единици на универзитетот кои треба да гласаат за разрешување на ректорот. Став (7) од овој член да се промени. Наместо Ректорската управа, Сенатот да биде надлежен да констатира резултати од гласање на прва наредна седница, не да донесе одлука, за разрешување на ректорот. Одлуката ја носат единиците на универзитетот како што е опишано во овој член.

64. Во членот 173 став (1) алинеа 2 да се додадат зборовите „да е од редот на редовните професори на високообразовните установи“. Алинеа 4 од истиот став треба да се избрише.

65. Во став (1) од членот 199, доколку Ректорот смета дека се работи за незаконит акт на Сенатот, треба да се предвиди Ректорот може да покрене судска постапка против актот, а не може да го запре од извршување актот на Сенатот. Понатаму во ставот (2) на овој член Универзитетскиот совет треба да се замени со Сенат.

66. Член 243 од Статутот треба да се усогласи со член 114, став (5) од Законот за високото образование*.

67. Во член 244 од Статутот се повикува на погрешен член.

68. Член 293 од Статутот да се усогласи со член 103, став(1), точка (7) од Законот за високото образование*.

69. Член 294, став (1) од Статутот треба да се усогласи со член 150, став (1) од Законот за високото образование*.

70. Член 364 став (3) е во спротивност со член 241 став (1) и став (2) од Законот, а во врска со членовите 94 став (1), точка 34 и со член 96 од Законот.

71. Освен наведените забелешки, се укажува дека ќе треба да се изврши и правно – техничко подобрување на текстот на Статутот.

## Точка 45

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново јасно и недвосмислено мислење по барањето.

## Точка 46

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.66/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата

Министерството за економија во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви заедничко мислење.

**Точка 47**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 6 и 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/15) поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за економија во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко мислење.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Анета Индовска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.73/18, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101 од Законот за работните односи и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека содржината на членот 101 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18) која се однесува на забрана на отказ поради бременост, раѓање и родителство, прави неоправдана фаворизација на одредени лица во однос на другите, дури и на лицата кои покрај оние на кои се однесува одредбата, уживаат посебна заштита, а сите лица ги става во нееднаква положба со нив, со што ја прави оспоруваната одредба неуставна.

Имено, согласно ставот (4) од оспорениот член, оваа заштита се однесува на сите ситуации, освен на потешки прекршувања на договорните обврски, односно во случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски за кои се дава отказ без отказен рок согласно закон и колективен договор. Во овој став се мисли на членот 82 од Законот, а притоа, според подносителот, законот работникот од став (1) на оспорениот член го штити од сите прекршувања наведени во членот 81, за кои е предвидено откажување на договорот за вработување со отказен рок.

Оттука, согласно наводите во Иницијативата, наведениот член е во спротивност со членовите 9 и 32 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен

дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за престанок на работниот однос (С 158) на Меѓународната организација на трудот, која, во член 5 точки г) и д) утврдува дека, покрај полот, брачниот статус, семејните одговорности, религијата и политичкото мислење, бременоста и отсуството од работа за време на мајчинство, не можат да се сметаат за основана и валидна причина за прекин на договорот за вработување.

Конвенцијата е дел од меѓународните трудови стандарди и истата воспоставува минимум барања кои треба да се имплементираат од страна на земјите членки. Проширувањето на работничките права, доколку е во договор со организациите на работодавачите е секогаш оправдано, како што впрочем е наведено и во член 12 став (3) од Законот за работните односи, според кој со договорот за вработување, односно со колективен договор може да се одредат права, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон.

Во оваа насока оди и Законот за работните односи во однос на Конвенцијата, давајќи дополнителна заштита на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст.

Согласно член 101 од Законот за работните односи, работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст став (1).

Притоа, отказот на договорот за вработување е ништовен, доколку на денот на врачувањето на отказот работодавачот бил запознаен со околностите од ставот (1) на овој член, или доколку работникот во рок од 15 дена од врачувањето на отказот го извести работодавачот за постоење на околностите од ставот (1) на овој член со доставување на соодветна потврда од овластен лекар или надлежен орган.

Согласно став (3), околностите од ставот (1) на овој член не го спречуваат престанокот на договорот за вработување склучен на определено време, со истек на времето за кое тој договор е склучен.

Забраната за отказ од ставот (1) на овој член не се однесува на откажување на договорот за вработување поради потешки прекршувања на договорните обврски, односно поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски за кои се дава отказ без отказен рок, согласно закон и колективен договор став (4).

Согласно став (5), работодавачот може да го откаже договорот за вработување поради основите утврдени во ставот (4) на овој член, само по претходна согласност на синдикатот чиј член е работникот кој се штити од отказ.

Доколку синдикатот во рок од осум дена, не се изјасни за откажување на договорот од ставот (5) на овој член со давање или не давање на согласност, ќе се смета дека се согласил со одлуката на работодавачот став (6).

Согласно став (7), доколку синдикатот не даде согласност за откажување на договорот за вработување на работникот од ставот (1) на овој член, работодавачот може во рок од 15 дена од денот на доставувањето на изјавата за не давање на согласност да поведе постапка за нејзино преиспитување со судска или арбитражна одлука. Постапката за преиспитување на согласноста од ставот (7) на овој член ја спроведува надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на поднесување на тужба од работодавачот.

Доколку кај работодавачот не е формиран синдикат или работникот од ставот (1) на овој член не е член на синдикат, претходна согласност за отказот на договорот за вработување дава надлежниот инспектор на трудот став (9).

Според став (10), во текот на постапката за претходна согласност во која учествува надлежниот инспектор на трудот, се применуваат роковите и дејствијата од ставовите (6), (7) и (8) на овој член.

Законот, во ставот (4) од оспорениот член 101, упатува на член 82 во кој се наведуваат прекршувањата на работниот ред и дисциплина и неисполнување на работните обврски, за кои, согласно законот, се врши откажување на договорот за вработување без отказен рок. Во основа, тоа се случаи кои негативно влијаат на редовното, тековно функционирање на работодавачот или можат штетно да влијаат на работењето и интересите на работодавачот, но и да предизвикаат сериозни последици по здравјето и животот на другите работници и граѓаните, особено поради не придржување на работникот кон прописите на здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи, повреда на прописите за заштита на животната средина и друго. Од овие причини и откажувањето на договорот е без отказен рок, бидејќи истите се сметаат како тешки прекршувања.

Не се издржани наводите дека дел од повредите предвидени од членот 82, за кои е предвидено откажување без отказен рок, бараат „посебни испитни постапки, неретко посебни управни и судски постапки за утврдување на истите”. Откажувањето на договорот е сериозна последица, која многупати задира во егзистенцијата на работникот и неговото семејство. Дури и да траат подолго, испитните постапки се сеуште единствен начин во функција на утврдување на фактичката состојба и се подобра опција отколку воопшто да не се утврдува основаноста на откажувањето на договорот, што неминовно би поттикнало самоволие на работодавачите и енормно кршење на работничките права.

Понатаму, подносителот на иницијативата, се обидува да ја минимизира улогата на синдикатот при давањето односно не давањето на согласноста за откажувањето на договорот или на инспекторот за труд, доколку не постои синдикат или работникот не е член на синдикатот. Притоа, заборава дека немање на согласност од страна на синдикатот или инспекторот за труд за откажувањето на договорот, не значи автоматски и апсолутна заштитеност на работникот од отказ и неможност на работодавачот да го откаже договорот. Законот не претендира ниту синдикатот ниту инспекторот за труд да спроведуваат комплицирани испитни постапки, со самото утврдување на рокот за изјаснување од 8 дена. Напротив, овозможува преиспитување на изјавата за не давање на согласност со судска

или арбитражна одлука, што de facto е простор за уште една инстанца која ќе се произнесе за основаноста на одлуката на работодавачот за откажување на договорот.

Подносителот на иницијативата имплицира дека сите кршења на работниот ред и дисциплина содржани во членот 81, а коишто како последица имаат откажување на договорот за вработување со отказен рок, се всушност дозволени за сите на коишто се однесува ставот (1) на оспорениот член 101, односно на сите коишто овој став ги заштитува.

Да не заборавиме дека и самиот закон, истите ги одделува од оние повреди на работниот ред и дисциплина за кои нема отказен рок, од причина што тие не можат да имаат некое значително влијание на функционирањето на работата кај работодавачот, ниту дека некои од нив можат да предизвикаат животно-загрозувачки ситуации.

Тоа што погоренаведената категорија на работници е заштитена од отказ, не значи дека наведените прекршувања од членот 81 можат да ги прават и притоа, да немаат никакви последици. Работниците се заштитени од отказ, но не и од дисциплински постапки и казни, коишто можат да делуваат доволно дестимулирачки за воопшто да се случуваат.

Бременоста, раѓањето, родителството, посвојувањето, негата на дете со посебни потреби и слично се состојби коишто треба да поттикнуваат сочувство, човечност и грижа за другите луѓе, особини коишто водат кон повисока свест и посакувани однесувања кај луѓето, воопшто. Законите не се непроменливи, напротив, треба да се развиваат и унапредуваат со напредокот на човештвото. Контекстот на заштитата во оспорениот член е значењето кое го има бременоста, родителството и воопшто, одгледувањето на децата. Ваквите одредби се во функција на овозможување на жената и работниците со семејни обврски да имаат еднаков пристап и третман како работна сила, а сепак да бидат заштитени, што се секако одговорност и на Владата и на општеството во целина.

Дотолку повеќе што во член 42 од Уставот на Република Македонија, Република Македонија посебно го заштитува мајчинството, децата и малолетните деца, при што, децидно е уредено дека лице помладо од 15 години не може да биде вработено, а малолетните деца и мајките имаат право на посебна заштита при работа, како и дека малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и морал.

Имајќи го предвид наведеното, оспорената законска одредба е во согласност со членовите 9 и 32 од Уставот на Република Македонија.

Од оваа причина, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 101 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18).

## <u>Точка 49</u>

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од членот 244 став (3) и став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и

83/18), поднесена од Здружение на основачи на авто-школи и инструктори „Национален европски возач“ од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 244 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е утврдено дека основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар не смеат да ги извршуваат своите работни задачи во испитниот центар, доколку тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, се основачи, сопственици или вработени во авто-школа, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.

Во однос на оспорувањето на наведената одредба, цениме дека истата не е во спротивност со член 9 и член 32 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија. Имено, оваа одредба не предизвикува дискриминација на граѓаните ниту забрана за вршење на работа или слободен избор на вработување, туку напротив, со оваа одредба се обезбедува уставното начело на еднаквост на сите граѓани, бидејќи се оневозможува поради семејни врски фаворизирање на определена категорија на кандидати за возачи кои се оспособуваат во авто-школи чии вработени се семејно поврзани со вработени во испитниот центар, за сметка на друг кандидат за возач кој се оспособува во друга авто-школа.

Во контекст на наведеното, се укажува дека до влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18), предметното ограничување важеше во многу пошироки рамки, односно по права линија до трет степен и се однесуваше за целата територија на Република Македонија. Меѓутоа, токму по барање на одредени авто-школи ова ограничување беше сведено на минимум и тоа по права линија до прв степен и единствено на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит, имајќи за цел заштита од т.н. „семејни врски“ и овозможување рамноправност односно еднаквост на сите кандидати за возачи.

Оспорениот член 244 став (4) се однесува на обврската на лицата од ставот (3) на овој член (основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар) да потпишат изјава за непостоење на судир на интереси заверена на нотар (која претставува дел од досието во испитниот центар) дека немаат судир на интереси, односно дека тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, не се основачи, сопственици или вработени во авто-школа, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.

Во однос на оспорувањето на наведената одредба укажуваме дека истата е тесно поврзана со претходната одредба (член 244 став (3)) и има за цел обезбедување потврда, како доказ во писмена форма, за непостоење на семејна поврзаност помеѓу вработените во авто-школите и испитните центри.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорените одредби од членот 244 став (3) и став (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18), се во согласност со член 9 и член 32 став 1 и став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република

Македонија му укажува на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 став (3) и став (4) од наведениот закон.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од адвокат Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.69/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 ставови (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/2010) и притоа го утврди следново мислење:

Според подносителот на Иницијативата, оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010), не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 2 и член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија, со оглед дека со истите се спречува граѓанинот од остварување на ефикасен пристап до судовите, а со тоа и пристап до правдата, како резултат на што постои повреда на принципот на владеење на правото, загарантиран со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија. Со обврската судот да ги отфрли поднесоците поднесени од полномошник кои не ги содржат сите потребни податоци пропишани со Законот и кои не се поднесени во доволен број на примероци, се спречува граѓанинот преку неговиот полномошник да го оствари правото на судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања, со оглед на фактот што додека да се создадат услови за повторно поднесување на нов поднесок, роковите за оспорување на поединечните правни акти се веќе истечени.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓудругото, е утврдено владеењето на правото.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во член 50 став 2 од Уставот се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Имено, оспорените одредби предвидуваат измена на членот 101 од Законот за парничната постапка (во натамошниот текст: ЗПП) со додавање на нов став (1) и измена на ставот (2) и тие гласат:

„Во членот 101 се додава нов став (1), кој гласи:

„(1) Поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од членот 98 ставови (3), (4), (5) и (8) на овој закон или не се поднесени во доволен број примероци кога тие се поднесени во писмена форма, судот ќе ги отфрли.

Во ставот (1) кој станува став (2) по зборот „подносителот“ се додаваат зборовите: „кој нема полномошник.“ [1]

Во таа смисла, мора да се спомене членот 98 ставовите (3), (4), (5) и (8) од ЗПП каде е предвидидено дека:

„(3) Поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон.

(4) Поднесоците поднесени од адвокати, државен орган односно орган на државна управа, единици на локална самоуправа, правни лица и лица кои вршат јавни овластувања покрај податоците од ставот (3) на овој член треба да содржат и податоци за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано согласно со закон.

(5) Странката во поднесокот е должна да го наведе својот единствен матичен број на граѓанинот, односно единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) за правните лица.

(8) Поднесокот од адвокат задолжително содржи печат, односно електронски потпис од адвокатот и адвокатска маркичка предвидена со посебен закон, во спротивно поднесокот се смета за неуреден и судот ќе го отфрли. До донесување на посебен закон со кој се уредува адвокатската маркичка, поднесокот од адвокат задолжително треба да содржи печат, односно електронски потпис“.

Подносителот на Иницијативата во своите наводи истакнува дека податоците кои се бараат во членот 98 ставови (3), (4), (5) и (8) „се од техничка природа, односно не навлегуваат во суштината на барањето“. Воедно, се наведува дека и покрај тоа што може да стане збор за „ненамерни пропусти“, „ноторни факти“ или податоци кои судот по службена должност би можел да ги обезбеди, согласно одредбата судот ги отфрла поднесоците ако ги немаат сите податоци и со тоа „го спречува граѓанинот преку неговиот полномошник да го оствари правото на судска заштита на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања со оглед на фактот што додека се создадат услови за повторно поднесување на нов поднесок, роковите за оспорување на поединечните правни акти се веќе истечени“.

---

[1] Член 101 став 2 од ЗПП гласи: „ (2) Ако поднесокот е неразбирлив или не го содржи сето она што е потребно за да може да се постапи по него, судот ќе му укаже на подносителот кој нема полномошник, да го исправи поднесокот.“

Подносителот на Иницијативата наведува дека судовите ги отфрлаат поднесоците доколку не е наведено електронското сандаче на адвокатот или доколку кон поднесокот не е приложена тековна сметка од Централен регистар на тужената страна.

Според подносителот на Иницијативата, со наведените одредби и судската пракса се доведува во прашање правото загарантирано со членот 50 став 2 од Уставот на Република Македонија кој предвидува дека „Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции кои вршат јавни овластувања“.

Исто така, подносителот на Иницијативата предлага измена на ЗПП на начин што би се дозволил дополнителен рок за исправка на поднесокот. Воедно, нормативното решение адв.Илиевски го карактеризира како „непостоење на ефикасен правен лек на подносителот да го оспори решението за отфрлање на поднесокот“, а со тоа се вршела повреда а пристапот до правда и повреда на принципот на владеење на правото загарантиран со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.[2]

Во Иницијативата се врши и повикување на пресуди на Европскиот суд за човекови права со цитирање на сентенци каде многу широко го третираат принципот на владеењето на правото. Дополнително, се наведува дека непостоењето на ефикасен правен лек „е генератор на потенцијалната повреда на член 13 од Конвенцијата“ заради „претеран формализам“ и „ригиден начин“ на примена од страна на судовите.

Воедно, во иницијативата се наведува дека се врши повреда на членот 9 став 2 од Уставот[3] со предвидување на различен третман на граѓаните кои поднесоците ги поднесуваат без полномошник од оние кои поднесоците ги поднесуваат со полномошник, односно дека граѓаните различно се третираат и така, граѓаните кои ангажирале полномошник се ставаат во понеповолна позиција.

Во врска со горенаведените наводи, се смета дека оспорените одредби од ЗПП мора најпрво да се читаат и толкуваат во рамките на пошироките измени на ЗПП кои беа донесени во 2010 година. Измените произлегоа од потребата за нормативни претпоставки за побрзо и поефикасно постапување на судовите во спорoвите за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, за личните, семејните, работните, трговските, имотните и другите граѓанско – правни односи. Целта беше да се постигне правосилно разрешување на спорните односи меѓу правните субјекти во што е можно пократок временски период, обезбедувајќи притоа почитување на начелото на судење во разумен рок и поголема правна сигурност.[4]

---

[2] Член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот гласи: „Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- […]
- Владеењето на правото.“

[3] Член 9 став 2 од Уставот гласи: „Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“

[4] Види: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната, постапка, јули 2010 година, 28-32

Потребата беше јасно воочена со фактот што од пресудите изречени од Европскиот суд за човекови права во однос на Република Македонија, дури во 77% од предметите беше утврдена повреда на правото на правично судење во разумен рок. Неспорно е дека долгите и неефикасни постапки имаа силно негативно влијание врз остварувањето на правата од страна на граѓаните, но и на бизнис заедницата и деловното работење.

Во таа смисла, целта на донесување на оспорените одредби од член 16 ставови (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010), беше да се надмине проблемот со одолговлекување на постапката и неможноста да се постапува по поднесок заради недоволен број на примероци, како и да се обезбеди посериозен пристап од страна на странките и нивните полномошници уште при поднесување на поднесоците до судовите. Наведените одредби се целосно во согласност со начелото на процесна економија кое е основен постулат на парничната постапка и забраната за злоупотреба на процесните овластувања утврдени во членот 10 став (1) од ЗПП,[5] како и согласно со начелото на концентрација на постапката[6].

Оспорените одредби во никој случај не го спречуваат граѓанинот да го оствари своето право на судска заштита на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Тоа што судот ја отфрла тужбата заради тоа што таа не ги содржи потребните податоци или не е доставена во доволен број на примероци, не значи дека подносителот не може повторно да поднесе тужба за истата работа. Притоа, законодавецот не ограничил колку пати може да се врши доуредување, односно поднесување на тужба. Така, правото на судска заштита е неприкосновено и не е доведено во прашање. Единствено ограничување се роковите за поднесување на тужба кои се задолжителни заради запазување на начелото на правна сигурност и пошироко, принципот владеење на правото.

Но, она што е важно е дека одговорноста за доставување на уреден поднесок е значително префрлена на адвокатите. Тоа е сосем логично затоа што со измените од 2010 година е трансформирана улогата на адвокатите во овластени лица за застапување пред суд. Имено, членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010), го измени членот 98 на начин што во ставот (2) предвиде дека „Поднесоците задолжително треба да содржат адвокатски печат, освен оние кои се составени од страна на полномошници определени во член 81 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон“. Стручната подготвеност на адвокатите е претпоставката врз која се базираше донесувањето на наведените одредби. Едноставно, зголемувањето на важноста и улогата на адвокатот во парничната постапка не може да не биде проследена со соодветна одговорност.[7] Логично е да се очекува дека адвокатот како

---

[5] Член 10 став (1) од ЗПП гласи: „Судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.“

[6] Член 297 став (2) од ЗПП предвидува: „Должност на претседателот на советот, односно судијата поединец е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, но постапката поради тоа да не се одолжува, така што расправата по можност да се доврши на едно рочиште.“

[7] Види: Георгиевски Стефан: Основни принципи на граѓанското процесно право во Република Македонија, Правен факултет, 1995 година, стр.81-87

познавач на процесните и материјалните правила, е подготвен да одговори на барањата на законодавецот изразени преку донесените процесни правила, па оттаму со добивањето на привилегирана позиција, тој добива и одговорност. Мора да се спомене и дека впрочем, одредбата содржана во член 98 став 8 од ЗПП беше донесена токму на барање на самите адвокати кои сметаа дека на тој начин ќе се стави крај на надриписарството.

Исто така, доставата на писмената е камен темелник на парничната постапка. Тоа се покажа како елементарно прашање кое влијае на должината на постапката. Од тие причини, се побара внесување на електронското сандаче како елемент кој треба да биде наведен во поднесоците доставени од страна на адвокати, државни органи или лица кои вршат јавни овластувања. Одговорноста на наведените субјекти во правниот сообраќај и во судските постапки е значително поголема, па оттука, не гледаме причина за нивно ослободување од наведената обврска. Во таа смисла, адвокатот како лице кое врши јавни овластувања согласно Законот за адвокатурата, мора да биде и технички опремен за да одговори на висината на задачите. Напоменуваме дека барањата за електронско сандаче не се ништо друго освен сведување на формалностите во постапката на мерка што одговара на современата техника на работење и на деловниот сообраќај.[8]

Нормирањето на содржината на поднесоците, односно утврдување што точно мора да содржи секој поднесок е во суштина акт на законодавецот со кој се сведуваат на минимум сите можности за злоупотреба на начелото на совесно користење на процесните права. Тоа е начин за поголема ефикасност на системот која е несомнено признаена како дозволена од страна на Европскиот суд за човекови права (во натамошниот текст: Судот).
Судот во своите одлуки јасно нагласува дека правото на пристап до суд не е апсолутно, односно дека истото е предмет на ограничувања (*Phillis v.Greece*, p.59), дека тоа мора да биде „практично и ефективно“ (*Bellet v.France*, p.38) и дека формалните ограничувања и роковите се со цел да се обезбеди соодветна администрација на правдата и особено правото на правна сигурност (*Cañete de Goñi v.Spain*, p.36).

Тргнувајќи од претходно наведеното, се смета дека не е основано барањето на подносителот дека со отфрлањето на тужбата граѓаните се лишени од правото на судска заштита против акти на органи на државната управа или лица кои вршат јавни овластувања поради роковите за поднесување на тужба. Согласно судската пракса на Европскиот суд за човекови права, роковите за поднесување тужба мора да постојат заради запазување на принципот на правна сигурност. Воедно, адвокатите како овластени полномошници мора да ги знаат процесните правила, земајќи ја предвид нивната привилегирана позиција во парничната постапка. Во таа смисла, мора да се споменат и одредбите од членовите 217 и 217-а од ЗПП кои предвидуваат прибавување на документ по налог на судот, а кој не можат да го прибават странките. Така, законодавецот ја надополнува можноста за обезбедување на сите неопходни податоци со цел еден поднесок да се третира како уреден.[9]

---

[8] Види: Георгиевски Стефан: Граѓанско процесно право Том I, проф.д-р Стефан Георгиевски, Скопје, 2000

[9] Членовите 217 и 217-а гласат:
„Член 217
(1) Странката е должна самата да ја поднесе исправата на која се повикува за доказ на своите наводи.
(2) Кон исправата составена на странски јазик се поднесува и заверен превод.

Во однос на наводната повреда на членот 9 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија не се согласува со подносителот на Иницијативата. Имено, третирањето на странките исто, без оглед дали имаат или немаат полномошник, ќе биде токму дискриминација затоа што полномошник може да биде адвокат или дипломиран правник, односно лице кое со својата стручна подготовка има професионална предност во однос на лицата кои немаат полномошник. Токму стручноста на адвокатите беше причина за нивната видоизменета позиција во парничната постапка, па оттаму не смее да се изедначуваат во третманот лицата што немаат со лицата што имаат полномошник. Се смета дека со изменетиот член 101 став (2) од ЗПП не се врши повреда на Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените одредби од член 16 ставови 1 и 2 од Законот изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2010), се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 2 и член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведува постапка за оценување на уставноста на одредбите од наведениот закон, со оглед на фактот што истите се во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.70/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 164 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010, 51/2011, 100/2012 и 142/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува член 164, ставот (3) од Законот за кривичната постапка како што наведува подносителот на Иницијативата „и покрај постоењето на прецизни услови кога може да се изрече мерка притвор, судската пракса покажува дека како еден од главните аргументи на обвинителството при поднесување на барање за притвор, кое речиси без исклучок се прифаќа од страна на судот, е запретената казна за кривичното дело за кое определено лице е осомничено, односно обвинето, кое се подведува под фразата „други околности што укажуваат на опасност од бегство". Понатаму, подносителот

---

(3) Ако исправата се наоѓа кај државен орган или орган на државната управа или кај правно или физичко лице кое врши јавни овластувања, а самата странка не може да издејствува исправата да се предаде или покаже, судот по предлог на странката ќе ја прибави оваа исправа.
Член 217-а
(1) Секоја странка со барање во писмен поднесок може да побара од судот да и наложи на другата странка или на трето лице да го достави до судот документот кој се наоѓа кај нив. Во писмениот поднесок задолжително се образложува поврзаноста на документот со предметот на спорот што е од интерес за водење на парничната постапка.
(2) Писмениот поднесок од став (1) на овој член, покрај податоците од член 98 од овој закон задолжително треба да содржи и: опис на секој баран документ доволен за негова идентификација, изјава за поврзаноста и релевантноста на документот со предметот на спорот и за наодите и заклучоците за кои странката верува дека може да произлезат од него и да влијаат врз одлуката во судскиот спор, изјава дека бараниот документ не се наоѓа кај странката која го поднесува барањето и изјава за постоење на неможност сама да го обезбеди бараниот документ."

на Иницијативата наведува дека - Со ваквите насоки, преку користењето на терминологијата „ќе се води посебна сметка“, се пренагласува значењето на „сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело и казната која може да се очекува“, при одлучувањето на притворот, со што во барањата за определување на мерка притвор и во решенијата на судовите со кои ваквите барања се прифаќаат, висината на запретената казна на стореното кривично дело се користи како главна поткрепа кон аргументот дека постои ризик од бегство. Според подносителот, судската пракса покажувала дека „ваквата генерална определба се прифаќа како modus vivendi во определувањето на мерката притвор, при што во недостиг на конкретни околности кои укажуваат на опасност од бегство, истата се користи како нивен супститут, со што се овозможува арбитрерност во одлучувањето по истата, повредувајќи го на тој начин принципот на владеење на правото од член 8, став 1, алинејата 3 од Уставот. Како поткрепа на арбитрерноста во постапувањето, подносителот го наведува „феноменот на свесно покренување на кривични истраги односно обвинителни акти за кривични дела за кои е пропишана повисока казна, со цел истата да биде искористена како аргумент за да се прифати барањето за определување на мерката притвор“.

Во членот 8, од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, владеењето на правото е утврдено како едно од темелните вредности на уставниот поредок.

Во членот 12 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Слободата на човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон“.

Во членот 144 од Законот за кривичната постапка се дефинирани мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот. Имено, согласно ставот (1) од овој член - Во член 249, во ставот (1) од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „Мерките кои можат да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење на кривичната постапка се покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор. Во ставот (2) од истиот член е пропишано и дека „При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка.

Определувањето на мерката притвор е уредено во членот 164 од Законот за кривичната постапка. Имено, согласно овој член - Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор. Во ставот (3) од овој член е пропишано дека „При одлучување за притворот, особено за неговото траење, ќе се води посебна сметка за сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело, казната која може да се очекува според податоците со кои располага судот и потребите за определување и траење на притворот.“

Основите за определување на мерката притвор се дефинирани во членот 165 од Законот за кривичната постапка. Имено, во наведениот член е пропишано дека „Ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, против тоа лице може да се определи притвор, ако:

1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;
2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;
3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или
4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата".

Правото на слобода во контекст на арбитрерното посегнување на државата по личните слободи на граѓанинот претставува едно од најважните темелни права. За разлика од правото на живот и забраната за мачење кои претставуваат апсолутни права, правото на слобода е човеково право кое под одредени услови може да биде ограничено. Токму затоа, со оглед дека ова право не претставува апсолутно право, обврска на државата е да ја заштити слободата на граѓаните како едно од основните темелни права. Ова право, може да се каже, е едно од најстарите човекови права, востановено во 1215 година во првиот документ со уставно-правен карактер во Англија – Magna Carta. Подоцна, тоа е прифатено и од останатите бројни меѓународни инструменти (Habeas Corpus, Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година, Уставот на Соединетите Американски Држави, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за човекови права и др).

Европската конвенција за човекови права е клучниот документ кој ги моделираше одредбите и праксата за притворот во сите држави членки на Советот на Европа, а меѓу нив и во Република Македонија. Во таа насока, укажуваме дека одредбите од Законот за кривичната постапка со кои се уредува материјата за притворот се во целосна согласност со Европската конвенција за човекови права и со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права и со Уставот на Република Македонија.

Согласно концептот прифатен во Законот за кривичната постапка, притворот претставува најтешка мерка на процесна присилба. Нејзината примена е сведена само на исклучителни случаи за да се заштитат интересите на кривичната постапка во случаи кога тоа не може да се направи со некоја друга поблага мерка. Исто така, нашиот Закон за кривичната постапка ги следи меѓународните стандарди согласно кои притворот не претставува казна и не смее да се третира како казна. Имено, притворот е мерка која служи исклучиво за обезбедување на присуство на обвинетиот и за успешно водење на кривичната постапка. Ваквиот концепт на притворот се базира врз фактот дека притворот како мерка за обезбедување присуство е тесно поврзан со презумпцијата на невиност, од причина што обвинетиот се лишува од слобода додека сеуште е под заштита на начелото за презумпција на невиност. Во тој контекст, вината на обвинетиот не е утврдена, ниту пак е изречена кривична санкција.

Во однос на наведеното, се истакнува дека оспорената одредба е во согласност со Уставот и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Имено, за ова прашање Уставниот суд веќе се има произнесено со одлука У. број 34/2005 од 31.5.2006. Со оваа одлука, како неуставен е прогласен основот за определување на мерката притвор според кој тој задолжително се определуваше во случај на основано сомневање за сторено

кривично дело казниво со доживотна казна затвор. Во своето образложение Уставниот суд наведува дека во случај кога постои облигаторна основа за определување на мерката притвор законодавецот го обврзува судот да донесе решение за притвор, наместо да остави оцената за определување на мерката притвор да биде донесена врз основа на оцена на судот. Со ваквото решение според Уставниот суд беше повреден принципот на поделбата на власта, се оневозможуваше судот да ја оствари својата функција на заштитник на основните човекови права и слободи, се повредуваше уставната одредба дека слободата е неприкосновена и дека таа може да се ограничи само со судска одлука, но и правото на жалба губи смисла и останува само голо процедурално право без конкретен очекуван ефект. Токму затоа, почитувајќи ја оваа одлука, концептот прифатен во постојниот Закон за кривичната постапка е дека притворот може да биде само факултативен. Имено, со ова решение, не постои законска можност за негово облигаторно пропишување без оглед на: тежината на пропишаната кривична санкција за кривичното дело што му се става на товар на обвинетиот; фактот дека обвинетиот е повеќекратен сторител на кривични дела; околноста дека тој во претходните постапки што се воделе против него станал недостапен на органите на кривичниот прогон и сл.

Исто така, се истакнува дека оспорената одредба од Законот за кривичната постапка ги штити правата на обвинетиот. Дополнително, слично решение како оспорената одредба е вградено и во Законот за кривичната постапка на Република Хрватска. Основната цел на оспорената одредба е да се води сметка за соодносот на затворската казна која може да биде одмерена во согласност со конкретните околности на случајот и времетраењето на притворот за да се оневозможи да трае неосновано долго. Имено, ставот 3 од членот 164 претставува разработка на начелото на законитост од членот 3 од Законот за кривичната постапка, во кој е пропишана обврска слободите и правата на обвинетиот да бидат ограничени пропорционално со тежината на кривичното дело и степенот на сомневање.

Согласно наведените уставни и законски одредби и наводите во поднесената Иницијатива поради кои се оспорува членот член 164 став 3 од Законот за кривичната постапка, произлегува дека во конкретниот случај не може да се доведе во прашање усогласеноста на оспорениот член со наведените одредби од Уставот на Република Македонија, од причина што законодавецот при нормирање на оспорените одредби водел сметка да не се повреди уставното начело на владеење на правото, како и да ја почитува слободата на човекот и истата да не ја ограничи, со тоа што при нормирање на институтот „притвор“ пропишал прецизни услови кога може да се изрекува мерката притвор, а воедно водел сметка да пропише услови за тоа надлежниот орган да се придржува кон условите определени за примена на одделени мерки, односно да не се применува потешката мерка ако истата цел може да се постигне со поблага казна.

Оттука, произлегува дека Иницијативата е беспредметна од причина што истата не се однесува на утврдување на уставноста, туку на примена на оспорените законски одредби од страна на судот, односно истата се однесува на судската пракса во однос на постапување на судот по различни предмети.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорениот член 164 став (3) од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 51/2011, 100/2012 и 142/2016), не се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 12 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 164 став (3) од Законот за кривичната

постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 51/2011, 100/2012 и 142/2016).

**Точка 52**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.57/2017 донесено на седницата, одржана на 11 јуни 2018 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“, бр.51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014 и 53/2016) и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна:

- за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи,

- за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност и

- да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди. Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија ќе ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено. Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони.

Според член 3 став 2 од наведениот закон, претседателот и членовите на Државната комисија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, а ставот 1 на член 4 ги уредува случаите за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен пред истекот на мандатот.

Согласно член 4 став 2 од Законот, предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија.

Со членот 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 124/2015) е пропишано дека со овој закон се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите

државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи. Од ова може да се види дека со овој закон се уредува постапувањето на извршната власт, а не на законодавната или судската власт.

Членот 88 од Уставот на Република Македонија, предвидува дека Владата на Република Македонија е носител на извршната власт. Во членот 95 од Уставот на Република Македонија пак е пропишано дека Државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа. Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Од наведените законски одредби произлегува дека претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, а предлог за разрешување може да поднесе и Владата на Република Македонија. Оттука, се смета дека ова овластување не претставува навлегување на извршната во законодавната власт, со оглед дека Владата на Република Македонија само дава предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија, а Собранието на Република Македонија го цени постоењето на причини за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот.

Со оглед дека оспорената одредба од член 4 став 2 од Законот за основање Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се однесува исклучиво за давање предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија, а не и за донесување на конечна одлука за нивно разрешување, се смета дека со истата не се повредува начелото на владеење на правото и начелото на поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Доколку Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не работи согласно Уставот на Република Македонија и законските одредби, во постапки кои се надлежност и одговорност на извршната, а не на законодавната власт, сосема разбирлива е законската одредба со која и се дава можност на Владата на Република Македонија да може да достави предлог за разрешување на претседател или член на Државната комисија, доколку е исполнет некој од условите утврдени во законот за разрешување пред истекот на мандатот. Владата на Република Македонија има право во рамки на своите надлежности утврдени со Уставот на Република Македонија и со закон, да поднесе предлог за разрешување на претседателот на комисијата и членовите пред истекот на нивниот мандат до Собранието на Република Македонија во случаи утврдени со закон и заради неправилно и непрописно вршење на работите наведени со закон.

Од анализата на претходно цитираните одредби во ова мислење, кои во суштина ја претставуваат структурата на целокупниот систем на одлучување во управна постапка во втор степен, може да се увиди дека членот 4 став (2) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен воопшто не е во спротивност на принципот на поделба на власта на законодавна, извршна

и судска, ниту пак со истиот на било кој начин се навлегува во надлежностите на Собранието на Република Македонија, па оттука истиот воопшто не е во спротивност ниту со начелото на поделба на власта, ниту со начелото на уставност и законитост. Со оспореното законско решение само се уредува правото на Владата на Република Македонија доколку утврди дека не се применуваат законските одредби во материјалните закони од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен да поднесе предлог за разрешување на претседателот на комисијата и членовите на истата.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија при донесувањето на својата одлука да ги има предвид изнесените аргументи во ова мислење, односно да утврди дека оспорената законска одредба е во согласност со Уставот на Република Македонија.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 95142 за КО Ѓорче Петров 3 – Дексион на КП бр. 3948 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**<u>Точка 54</u>**

1. Владата го именува Валон Ќура за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом од отворен вид Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Зоран Маџовски за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Бесник Ислами од должноста член на Управниот одбор-претставник од редот на стручните работници на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово“.

3.1. Владата ја именува Радица Перинска за член на Управниот одбор-претставник од редот на стручните работници на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово“.

4. Владата ја разреши Гордана Ангеловска од должноста член на Комисијата за жалби, на нејзино барање.

5. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ги разреши:

- Маринела Маричиќ Тушева
- Бардуљ Туши.

5.1. Владата за членови на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ги именува:

- Теута Даши Муртези
- Наталија Кижевска.

6. Владата го разреши Небојша Трајковски од должноста член на Управниот одбор на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје.

6.1. Владата ја именува Маја Герасимовска за член на Управниот одбор на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје.

7. Владата ја разреши Анка Тодосиева од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие „Македонска радиодифузија“ - Скопје.

7.1. Владата го именува Небојша Трајковски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие „Македонска радиодифузија“ - Скопје.

8. Владата го отповика Методија Тасевски од должноста член на Одборот на директори на АД „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост.

8.1. Владата го избра Гого Видимче за член на Одборот на директори на АД „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост.

9. Владата го отповика Симион Здравев од должноста член на Надзорниот одбор на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост.

9.1. Владата го избра Бесник Браими. за член на Надзорниот одбор на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост.

10. Владата го именува Методија Тасевски за член на Управниот одбор на „Јавно претпријатие за државни патишта“.

11. Владата го разреши Ирфан Хоџа од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

11.1. Владата го именува Менсур Ибраими за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

12. Владата го разреши Фатмир Елези од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје.

12.1. Владата го именува Арлинд Сејдини за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје.

## Точка 55

**1.** Владата го разгледа Предлогот од Центарот за управување со кризи, за доделување хуманитарна помош на Јапонија во врска со состојбата во западниот дел од Јапонија, каде поројните дождови предизвикаа големи материјални штети и однесоа околу 200 човечки животи, го прифати Предлогот и заклучи да се додели хуманитарна помош во висина од 6 милиони денари.

Согласно ова се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна одлука со која ќе се обезбедат средства во висина од 6 милиони денари од тековните резерви, за помош на Јапонија.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**2.** По повод моменталната состојба во Република Грција, каде пожарите предизвикаа големи материјални штети и бројот на жртвите е над 50 лица, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна одлука со која ќе се обезбедат средства во висина од 6 милиони денари од тековните резерви, за помош на Република Грција.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2) Формира Работна група во состав Роберт Поповски, министер без ресор задолжен за комуникации, транспарентност и отчетност, Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика, која да ги преземе и координира сите потребни активности за евентуална потреба од хуманитарна помош на Република Грција (храна, облека, вода итн.), да контактира со Црвениот крст и други организации, односно да ги користи сите расположливи ресурси.

3) Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги следи потребите за помош кои што ќе бидат воочени од комуникацијата со властите во Република Грција и веднаш да ги насочува до Работната група за помош.

**3.** Врз основа на предлозите на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 2 Август - Ден на Републиката (Илинден) 2018 година и укажувањата на седницата, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

2. Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден предводена од претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери ќе се обрати пред споменикот на Методија Андонов Ченто во Скопје.

3. Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов.

4. Координација на прославите на Националниот празник Илинден 2018 година да биде од страна на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и генералниот секретар во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Пелинце, како и трошоците за обезбедување на неопходната опрема: озвучување, говорница и бина.

6. Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија да ги покрие трошоците по повод прославата на Националниот празник Илинден во Крушево.

7. Се укажува на Собранието на Република Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Скопје, пред споменикот на Методија Андонов Ченто во Скопје.

8. Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија, а се задолжува Службата за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2018 година и за тоа веднаш да го известат Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2018 година.

Сценаријата да имаат детален приказ на активностите по повод одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2018 година.

Службата за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да го достави сценариото за одбележување на Националниот празник Илинден 2018 година во Пелинце до членовите на Организациониот одбор.

9. Се укажува на Јавното претпријатие „Македонска радиотелевизија“ на 2.8.2018 година да врши директен пренос од одбележувањето на Националниот празник Илинден од трите локации и тоа:

- во 10 часот од пред споменикот на Методија Андонов Ченто,
- во 11 часот од Пелинце и
- во 12 часот од Крушево.

10. Се задолжува Министерството за одбрана, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Националниот празник Илинден, согласно барањата на кабинетите.

11. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да набави венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и држачи за знамиња и знамиња за потребите на делегациите за одбележувањето на Националниот празник Илинден (надлежните служби да достават точни спецификации за нивното распоредување).

12. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери во Крушево и Пелинце.

13. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на мобилни тоалети во Крушево и Пелинце.

14. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди минибуси/возила за превоз на делегациите (дипломатскиот кор) за положување цвеќе во Крушево и Пелинце (да се оствари контакт со делегациите, со цел утврдување на бројот на лица за нивно присуство во функција на обезбедување на возила).

Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да обезбеди и минибуси/возила за превоз на учесниците во културно уметничката програма за одбележување на настанот. (да се оствари контакт со делегациите, со цел утврдување на бројот на лица за нивно изведување на културно-уметничката програма во функција на обезбедување возила).

15. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди 500 столици за прославата во Крушево и Пелинце, од кои 350 столчиња за прославата во Крушево и 150 столчиња за прославата во Пелинце.

16. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија, да обезбеди четири големи тенди за прославата во Крушево.

17. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да обезбеди четири тенди за прославата во Пелинце.

18. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП „Македонијапат" – Скопје, да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до Меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол) како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

19. Се задолжува Министерството за здравство, од Општина Прилеп и Општина Демир Хисар да обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим на 1-ви и 2-ри август за прославата во Крушево.

Исто така, да се обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим и во Скопје и Пелинце за одбележувањето на Националниот празник Илинден.

20. Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово, да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Националниот празник Илинден.

Исто така, се препорачува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1-ви и 2-ри август во Крушево.

21. Се препорачува на Општина Прилеп, да обезбеди теренски возила за прославата во Крушево.

22. Се задолжува ЈП „Македонски шуми" – Скопје, да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин Камен.

23. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП „Македонијапат" – Скопје, да го расчисти просторот околу Музејот во Пелинце.

24. Се препорачува на Град Скопје, да го уреди споменикот и просторот околу него, каде ќе се положува цвеќе за прославата на празникот Илинден во Скопје.

25. Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2018 година.

26. По повод прославата на Националниот празник Илинден 2018 година во Крушево ќе настапуваат: Сашко Гигов – Гиш и фолклорен ансамбл Битола – Битола.

По повод прославата на Националниот празник Илинден 2018 година во Скопје, пред споменикот на Методија Андонов - Ченто во Скопје ќе настапува Воен оркестар.

По повод прославата на Националниот празник Илинден 2018 година во Пелинце ќе настапуваат: Хор Вардар, Ансамбл Танев и КУД Емин Дураку.

27. Се задолжува Министерството за култура да ги обезбеди средствата, со цел остварување на културно-уметничката програма.

28. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ги обезбеди средствата, да го контактира и да го организира водителот на локацијата во Пелинце.
- Се укажува на Собранието на Република Македонија да ги обезбеди средствата, да го контактира и да го организира водителот на локацијата во Скопје.
- Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија да ги обезбеди средствата, да го контактира и да го организира водителот на локацијата во Крушево.

29. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да обезбеди бина за потребите на Општина Крушево, неопходна за прославата на Илинден.

30. Се препорачува на Општина Крушево, Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат цистерни за вода.

31. Се задолжува Армијата на Република Македонија да обезбеди воен оркестар кој ќе ја интонира химната и ќе изведе една нумера.

32. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Националниот празник Илинден 2018 година.

33. Логото на Националниот празник Илинден 2018 година да се достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на Националниот празник Илинден 2018 година (2 август).
Истовремено, Владата заклучи:

- составот на владините делегации во Пелинце, Скопје, Крушево и Смилево да биде определен од Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, министер за внатрешни работи и претседател на Организациониот одбор.“

**4.** Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи заклучи да го задолжи Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација со акциски план за

динамика за спроведување на активности за санација на кровот на ЈЗУ Завод за нефрологија – Струга.

Истата претходно да се разгледа на седниците на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 16.7.2018 година до 22.7.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**6.** Владата го разгледа и прифати Предлогот за надминување на проблемите со долговите на училиштата и притоа формира работна група во следниот состав: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, која во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа до 15 август 2018 година да достави до Владата предлози за решавање на дел од проблемите поврзани со образованието и обврските на локалната самоуправа.

**7.** По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, Владата заклучи во Националниот совет за ИКТ да биде вклучен како член и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања.

Притоа, во Оперативното тело за стручно - оперативна и логистичка поддршка на Националниот совет за ИКТ како претставник да биде вклучен и Даут Хајрулахи од Секретаријатот за европски прашања.

Согласно ова, решенијата да бидат изменети и да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

## Точка 56

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за периодот од 1.1.2018 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 57

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.7.2017 до 31.12.2017 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за финансиското работење за период од 1.1.2018 до 31.3.2018 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за реализација на вон наставните активности во училиштата поврзани со антикорупциска едукација на учениците, со Компаративна анализа за тоа каква е состојбата во европските земји во врска со примената на активности во училиштата поврзани со антикорупциска едукација на учениците, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено - поправните и воспитно - поправните установи во Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија (2015-2019) во 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Првиот годишен извештај за имплементацијата на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика - ЕСРП 2020" за 2017 година (најнов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да ја има предвид препораката изнесена во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, односно да го достави Годишниот извештај на англиски јазик до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 63**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, кој се донесува по редовна постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Виолета Петреска Стојановска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Условно ја утврди Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и притоа го овласти министерот за финансии за евентуални промени во самата одлука и за дополнителни промени доколку има потреба за дополнителни средства за носители за кампања за референдум.

2. Пречистениот текст на Предлог – одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите да се достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2019-2021 година со Акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог во мај 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, а се препорачува на Народната банка на Република Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Инспекцискиот совет на Република Македонија, во два наврати, еднаш до 25.10.2018 година и еднаш до 25.12.2018 година до Министерството за финансии да доставаат детални известувања за реализацијата на активностите со кои се исполнуваат препораките во нивна надлежност, согласно Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог во мај 2018 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за информатичко општество и администрација, а се препорачува на Бирото за јавни набавки, Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за вработување на Република Македонија, до 20.8.2018 година до Министерството за финансии да доставаат дијагностика со Предлог - реформски мерки, согласно своите надлежности, кои ќе бидат составен дел од првата нацрт верзија на поглавје 4 од Програмата на економски реформи 2019 – 2021.

## Точка 66

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.08/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст и

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од финансиски средства за зголемување на платите на стручните работници во областа на заштитата на културното наследство и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува Министерството за култура да побара соодветна согласност, потребните средства кои ги има во буџетот, на ставки 401 и 402, во раздел 18010, за корекција на плати за вработените во установите од областа на културата, по основ на стекнати стручни звања и распоредени на соодветни работни места во установите од областа на заштита на културното наследство, согласно закон, а во износ од 3.952.338 денари, да може да ги реализира.

## Точка 68

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со реализацијата на средствата предвидени во буџетот на Министерството за култура за 2018 година, за спомен обележје на Тодор Проески во Крушево, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата да се провери и дефинира начинот на кој ќе се префрлат средствата за спомен обележјето на Тодор Проески во Крушево.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог одлука за изменување и дополнување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2018/2019 година согласно расправата на седницата, при што основот за донесување на Одлуката да биде новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018).

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2018/2019 година и ја донесе Одлуката согласно расправата на седницата, при што основот за донесување на Одлуката да биде новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.82/2018).

**Точка 71**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2018/2019 година и ја донесе Одлуката согласно расправата на седницата, при што основот за донесување на Одлуката да биде новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.82/2018).

**Точка 72**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура), согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година, со Предлог - одлука за формирање на Работна група за подготовка на НАП за култура за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на денот на Геноцидот врз Ромите од Втората светска војна – 2 Август и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ги преземе следните активности од организациски аспект најдоцна до 6 август 2018 година:

- Изработка на промотивен материјал односно печатење на 150 беџеви и 150 флаери со информативна содржина во боја,
- Печатење на покани во боја на дебела и сјајна хартија 150 примероци од кои: 110 на македонски јазик и 40 на англиски јазик,
- Симултан превод македонски/англиски јазик и
- Опрема за озвучување за 150 лица.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги преземе следните активности од организациски аспект најдоцна до 6 август 2018 година:

- Обезбедување говорница и превоз на истата до и од местото на одржување на настанот (Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија),

- Обезбедување на големи знамиња, македонско, европско и ромско знаме со држачи и нивни превоз до и од местото на одржување на настанот и

- Обезбедување на освежување со безалкохолни пијалоци за 150 лица.

**<u>Точка 74</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите на Работната група задолжена за испитување на можноста за воведување на алтернативни горива во термоенергетските објекти (постројки) во Република Македонија со посебен акцент на РДФ горива (refuse-deliver fuel) (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Работната група задолжена за испитување на можноста за воведување на алтернативни горива во термо-енергетските објекти (постројки) во Република Македонија со посебен акцент на РДФ горива формирана со Одлука бр. 08-1043/1 од 8.3.2018 година да подготви Предлог-текст на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и компаниите кои се дел од индустрискиот сектор и институции кои позитивно одговориле на барањето за соработка во областа на воведување на РДФ/СРФ гориво во термоенергетските објекти во Република Македонија и истиот да го достави до Владата најдоцна до 15.9.2018 година.

**<u>Точка 75</u>**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Драги Рашковски | Зоран Заев |